Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 20.11.2024

На 19.11.2024 во 05.20 часот на автопатот Гевгелија– Скопје, кај место викано „Милци", гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Богородица го лишиле од слобода А.Б.(35) од с.Арачиново, скопско. Полициски службеници забележале како во возилото „крајслер" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, влегуваат група на лица – мигранти. Возилото било сопрено и во негова близина биле пронајдени девет лица мигранти од Иран, кои претходно излегле од возилото. Мигрантите биле пренесени во прифатно– транзитен центар во Гевгелија, а А.Б. бил задржан во Полициската станица Гевгелија и против него е поднесена кривична пријава по член 418 - б - „Криумчарење мигранти" од Кривичниот законик. Судија на претходна постапка на А.Б. му определи мерка притвор во траење од 30 дена, по што бил спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Скопје за издржување на мерката.

На 19.11.2024 во 10.25 часот, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Табановце го лишиле од слобода А.С.(38) од с.Црнилиште, општина Долнени, поради сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина " по член 380 од Кривичниот законик. На влез во државата била извршена контрола на патничкото возило „мини купер" со швајцарски национални ознаки, со кое патувал, при што било констатирано дека ВИН бројот на возилото не се совпаѓа со ВИН бројот во сообраќајната дозвола на возилото. Лицето и возилото биле предадени во СВР Куманово за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 19.11.2024 во 23.30 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(54) од Скопје. При претрес во домот и подрумските простории на пријавениот, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 22.50 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 21.45 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Г.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 20.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.К.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 21.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Џ.(56) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 13.35 часот во Скопје на подрачјето на Центар, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар при СВР Скопје го привеле Е.М.(38) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 околу 18.00 часот на улица „Ван Вардарска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Н.С.(23), Л.Р.(23), М.З.(18), С.И.(27) и А.Ш.(19), сите од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие се задржани во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 18.40 часот на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Ј.(30) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 21.20 часот на регионален пат во с.Боговиње, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода М.М. (20) од тетовско Синичане затоа што при преглед во патничкото возило „ауди" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувал, била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 11.40 часот во с.Суводол, демирхисарско, полициски службеници од ОВР Демир Хисар ги лишиле од слобода Г.С.(34) од Демир Хисар и В.Н.(21) од с.Суводол затоа што при преглед на патничко возило „фиат" со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.С., а сопатник бил В.Н., била пронајдена марихуана. По документирање на настанот, ќе следува соодветна пријава.

На 19.11.2024 во 19.15 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Е.И.(31) од с.Алданци, крушевско, затоа што кај него била пронајдена грутчеста материја. По документирање на настанот, ќе следува соодветна пријава.

На 19.11.2024 во 15.30 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.П.(40) од Скопје пријавил дека во двор од основно училиште на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 19.11.2024 во 15.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.С.(60) од Скопје пријавила дека на ул.„Вашингтонска" во Скопје била касната од куче скитник.

На 19.11.2024 во 15.30 часот во Полициската станица Гази Баба, С.К.(51) од Скопје пријавил дека на ул. „Разлошка" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево до Основното јавно обвинителство Кочани, поднесе кривична пријава против правно лице – рудник од Македонска Каменица и против К.Б.К.(57) од Велика Британија, со дозвола за привремен престој во Македонска Каменица, одговорно лице во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загадување на животната средина и природа" по член 218 и „загадување на добиточна храна и вода" по член 223 од Кривичниот законик. Во периодот од 01.08.2024 до 04.08.2024, при процесот на флотација, од правното лице во река Каменичка, која се влева во акумулацијата Калиманци, испуштени се отпадни води, односно тешки метали (цинк, олово, кадмиум и жива) во двојно поголеми количини од дозволените, со што на подолг рок предизвикале опасност по животинскиот и растителниот свет во Каменичка река и акумулацијата Калиманци. Од правното лице, истиот период во Каменичка река и езерото Калиманци е испуштен и акутен токсин цијанид, од чие присуство во езерото Калиманци е предизвикано акутно труење на рибите. Со вештачење со наод и мислење на Институтот за сточарство и рибарство, а врз основа на извештаи од лабараториско испитување на примероци вода од лабораторија е констатирано присуство на штетни и опасни материи во водата - тешки метали, а констатирано е и присуство на акутен токсин цијанид во смртоносна доза, а кој е причинител на труењето на рибите.

На 19.11.2024 во 13.00 часот на улица „Маршал Тито" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го привеле А.Ј.(39) од Кичево, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна за сторени повеќе кривични дела „кражба" и „тешка кражба". Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 19.11.2024 во периодот од 11.00 до 15.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово и ОВР Гостивар, во содејство со инспектори од сообраќај при општините Тетово и Гостивар, извршиле акциска контрола за санкционирање на возачите кои вршат јавен превоз на патници без поседување на соодветна документација. Притоа, на улица „Илинденска" во Тетово било сопрено патничко возило „форд транзит" со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.И.(58) од с.Голема Речица, во 12.15 часот било сопрено патничко возило „ауди а4" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.С.(55) од с.Камењане и во 12.45 часот било сопрено патничко возило „киа пиканто" со тетовски регистарски ознаки, управувано од С.Л.(58) од с. Доброште. Додека, во Гостивар во 11.45 часот на улица „Живко Брајковски" било сопрено патничко возило „опел мерива" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од С.Н.(51) од Гостивар, во 11.55 часот на истата улица било сопрено патничко возило „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од И.Т.(58) од Гостивар, на улица „Илинденска" во 12.30 часот било сопрено патничко возило „фолксваген поло" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Х.А.(60) од с.Добридол, во 13.10 часот на улица „ЈНА" било сопрено патничко возило „мерцедес" со гостиварски регистарски таблички, управувано од А.Р.(56) од с.Речане, гостиварско и во 13.40 часот на улица „ЈНА" било затекнато патничко возило „форд транзит" со гостиварски регистарски таблички, управувано од С.Џ.(71) од с.Речане, гостиварско. Кај сите нив е констатирано дека вршат јавен превоз на патници без да поседуваат соодветна документација и по целосно документирање на случаите ќе следуваат соодветни поднесоци.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Ж.(30) и Б.Ж.(32), двајцата од струшкото село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 16.11.2024 во угостителски објект во Струга, пријавените физички го нападнале А.Ф.(30) од истото село, по што со дрвен и метален предмет го оштетиле објектот.

На 19.11.2024 во 08.42 часот во ОВР Крива Паланка, од Итна медицинска помош Крива Паланка било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Ж.С.(51) од Крива Паланка. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на работни задачи во рудник во Крива Паланка. Екипа од ОВР Крива Паланка извршила увид, а за настанот биле известени трудова инспекција и јавен обвинител.

На 19.11.2024 во 15.20 часот во Полициската станица Кочани, од Итна медицинска помош било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен малолетник од Кочани. Според пријавеното, во Кочани тој бил нападнат од друг малолетник, кој употребил остар предмет и му нанел убодна рана. Во врска со настанот, со малолетникот бил извршен службен разговор во присуство на родител. По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.11.2024 околу 11.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, две лица физички нападнале полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.11.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Е.А.(20) од Скопје пријавил дека околу 15.30 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил физички нападнат од Л.М.(18) од Скопје, Р.М. и Ш.С.. Со Л.М. бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.11.2024 во 09.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на патот од Визбегово кон Бардовци настанал пожар во автобус на ЈСП во движење, кој се исклучувал од линија и бил без патници. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

На 18.11.2024 околу 23.15 часот на Граничен премин Богородица, на влез во државата, при контрола на товарно возило „ивеко" со турски национални ознаки, управувано од А.С.(35) од Република Турција, биле пронајдени четири лица мигранти од Иран. Во службен разговор со полициските службеници,, мигрантите изјавиле дека влегле во полуприколката на возилото без знаење на возачот. На возачот му бил дозволен влез, а мигрантите биле пренесени во Прифатно– транзитен центар во Гевгелија за понатамошна постапка.

На 19.11.2024 во 09.05 часот на Железничка станица Илинден во Скопје, полициски службеници од Полициското одделение Петровец пронашле шест лица мигранти од Авганистан. Мигрантите биле пренесени во Транзитен центар- Табановце.

На 19.11.2024 во Полициската станица Чаир, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека во установата се вратиле нивните штитеници М.Н.(17) и А.А.(17), двајцата од Скопје, за кои на 18.11.2024 беше пријавено дека се оддалечиле од установата.

Денеска (20.11.2024) во Полициската станица Карпош од Јавната установа за згрижување на деца било пријавено дека бил пронајден нивниот штитеник И.И.(14) од Битола, за кого на 18.11.2024 беше пријавено дека се оддалечил од установата.

На 19.11.2024 во 23.30 часот во СВР Скопје, К.П.(36) од Скопје пријавила дека околу 20.55 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, неколку машки лица со употреба на физичка сила и закана со остар предмет од нејзиниот малолетен син и негов малолетен другар одзеле пари и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.11.2024 во 14.25 часот во Полициската станица Чаир, Ш.Џ.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Бутелска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.11.2024 во 19.10 часот во Полициската станица Драчево, Ф.Ј.(31) од Скопје пријавила дека на ул.„Студеничанска" во Скопје била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.С. (66) од с.Форино, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 17.11.2024 во с.Форино, поради претходни нерасчистени должничко-доверителски односи, пријавениот со пиштол „Бровинг" калибар 7,65 милиметри пукал кон Ј.Л.(35) од с.Чегране, гостиварско. Од него бил одземен пиштолот и рамка со четири куршуми. Од судија на претходна постапка на пријавениот му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена и бил спроведен во казнено - поправна установа за издржување на мерката.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.И.(44) и А.И.(49), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општа сигурност" во врска со „предизвикување општа опасност". На 13.11.2024 во Скопје, пријавените со запалива течност предизвикале пожар во угостителски објект во Скопје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ј.(41) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 30.08.2024 во Куманово, полициски службеници запреле патничко возило во кое пријавената била сопатник и која при излегување фрлила пакување со хероин, кое било пронајдено и одземено.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.А.(34) од с.Никуштак, липковско и А.М.(37) од с.Отља, липковско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.10.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на првопријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавил од второпријавениот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.А.(33) од с.Порој, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.07.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и кокаин.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.М.(30) од Злетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „спречување на докажувањето". На 07.04.2024, полициски службеници запреле патничко возило, управувано од пријавениот, кој пред да му биде извршен преглед, од возилото фрлил прашкаста материја која била пронајдена.

ОВР Крушево поднесе кривична пријава против Г.Б.(38) од с.Свето Митрани, крушевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување и држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 24.10.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што бил пронајден и одземен ловечки карабин „маузер" со калибар 8 x 57.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(44) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 24.01.2024 на семејна веселба во својот дом, пријавениот со пиштол испукал неколку куршуми во воздух, по што еден од проектилите завршил во куќа на негов сосед.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.З.(55) од тетовско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 23.09.2024 во семејниот дом, пријавениот физички ја нападнал неговата невенчана сопруга, при што употребил и тврд предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Љ.(43) Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 15.06.2024 пријавениот физички го нападнал неговиот брат.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.Ф.(32) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „комар". На 08.08.2024, пријавениот - сопственик на угостителски објект во Тетово, ставил на располагање една просторија во склоп на објектот со цел да се игра комар.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(62) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". На 21.08.2024 на катастарска парцела на друго лице, пријавениот изведувал градежни работи без да поседува дозвола за градење издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.А.(54) од с.Доброште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 05.11.2024 на регионален пат Тетово - Јажинце, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека вршел јавен превоз без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(62) од с.Јажинце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 05.11.2024, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „мерцедес", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет